Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 142/2/2019
25.10 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 39 од Законот за научна дејност ("Сл.весник. на РМ" бр. 46/08) и член 30 од Статутот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, Наставничкиот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје на седницата одржана на ден 25.10.2019 го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**
**(Прочистен текст)**

ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат критериумите и постапката за избор во научни, научно-наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Инситутот за општествени и хуманистички науки-Скопје, согласно Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање од Министерството за образование и наука („Службен весник на Република Македонија", бр. 82, 1.07.2009).

**Член 2**

На институтот лицата кои вршат научноистражувачка дејност се избираат во научни звања: научен соработник, виш научен соработник и научен советник. Соработничките и научните звања ја имаат еквивалентната важност на наставни звања како што е пропишано со Законот за високото образование („Службен весник на Реублика Македонија" бр. 35/08) и Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08).

**Член 3**

Изборот во научните звања го врши Советот за научна дејност на Институтот.

**Член 4**

Условите кои треба да ги исполнуваат истражувачите за соодветно научно звање се утврдени во член 36 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 46/08 и 103/08) со неговите измени и дополнувања (бр. 24/11 и бр. 80/12).

**Член 5**

Постапката за избор во соодветно научно звање е утврдена во членовите 38 и 39 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 46/08).

**Член 6**

Изборот во повисоко научно звање, односно преизбор во исто научно звање, се врши по истекот на периодот за кој е извршен претходниот избор, доколку лицето со научно звање ги исполнува условите за избор во повисоко звање и со својата научна работа бележи придонес за развојот, односно унапредувањето научното подрачје како и за практичната примена на научните знаења.

**Член 7**

Придонесот за развојот, односно изборот во повисоко научно звање и примената на науката во соодветната научна област и пошироко се мери според вредности утврдени во овој правилник кои се засноваат на:

- бројот на објавени научни книги, монографии и приредени дела;
- бројот на објавени поглавја во приредени дела;
- број на објавени статии во научни списанија;
- бројот на објавени научни трудови;
- бројот на изготвени применети истражувања (студии на политиките), прифатени од нарачувачот (меѓународна агенција, институција, организација и слично);
- квалитетот на монографиите, според проценка на комисија за оцена[1] составена од членови на Советот (со можност за учество и на поканети истакнати научници од други институции од земјата и странство) ;
- учества во меѓународни проекти, конференции и научни собири;
- број на издадени монографии, приредени книги, поглавја во приредени книги и статии во меѓународни списанија;
- број на издадени монографии, приредени книги, поглавја во приредени книги и статии во меѓународни списанија од англосаксонското, германското, француското, италијанското и руското говорно подрачје;
- постигнати резултати и придонес во создавањето млади научно-истражувачки кадри и
- други специфични активности во науката поврзани со соодветната научна област.

Постигнувањата од став 1 на овој член се однесуваат за времето од последниот избор.

---

[1] На комисиите им се советува да ги земат во обѕир препораките на Меѓународниот совет на истражувачи достапни на http://www.icsu.org/publications/cfrs-statements/publication-practices-peer-review/statement-publication-practices-and-indices-and-the-role-of-peer-review-in-research-assessment-july-2008?searchterm=impact+factor

**Член 8**

Финалната одлука за избор/промоција на Истражувач во звање треба да биде изведена земајќи ги предвид следните работи:

- Влијанието на работата на кандидатот во неговата научна област;
- Оригиналноста на публикациите;
- Репутацијата на списанијата во кои има објавено трудови или нивен импакт фактор;
- Конзистентноста и суштественоста на истражувачката работа на кандидатот;
- Бројот на трудови каде кандидатот е главен автор;
- Калибар на публикациите во кои кандидатот има објавувано (покрај претходно наведените списанија);
- Персоналниот импакт фактор на кандидатот, доколку е соодветно.

## Инструкции за рецензентите по Член 8

1. Проценка на истражувањата и достигнувањата на кандидатот:
Висок квалитет како и оригиналните достигнувања и истражувања е карактеристична одлика на докажан истражувачки институт каков што е ИОХН Скопје и се очекува од истражувачкиот тим да биде активно вклучен во своите научни области. Институтот инсистира на строгост и сериозност на истражувањата кои ги спроведува неговиот тим, кои се докажуваат со факти како: објавување во меѓународни, индексирани списанија и академски реномирани издавачи, силен индекс/импакт фактор на цитат, растечка репутација во областа која ја работат и др.
Институтот исто така разбира дека не сите научни активности се соодветни за сите дисциплини и охрабрува низа активности од традиционално истражување и научно објавување, до други придонеси на нечија област, до креативни дела како што се книжевни дела, оценувани изложби на визуелни уметности и изведби.

2. Процесот на евалуација за избор и/или промоцијата на истражувач во звање се заснова на база на доказите за истражувачките, научните и креативните дела на кандидатот, како што е наведено во следните специфични критериуми:
   - Објавување значајни трудови во меѓународни, рецензирани научни списанија, книги или зборници. Каде што е соодветно, списанијата да бидат соодветно индексирани на дисциплината.
   - Објавување рецензирани монографии во својата дисциплина.
   - Објавување во зборници на трудови што го унапредуваат знаењето во областа.
   - Објавувања преводи на книги или трудови од својата област.
   - Објавување трудови или поглавја со значајна содржина во книги или зборници.
   - Објавување рецензии од значајни нови книги во меѓународни научни списанија.
   - Пишување успешни предлози за грантови за истражувања.

- Покани за ангажмани како говорник засновани на тековните истражувања и другата научна работа.
- Рецензирање научни статии за водечки меѓународни научни списанија.
- Рецензирање научни трудови за меѓународни конференции.
- Работа како уредник или член на уредувачки одбор на важни научни списанија.
- Доставување докази за тековните истражувања, на пример:
    - Учество на работилници, панели или семинари на меѓународни научни конференции, летни школи и слични настани за докторанди и стручни лица.
    - Учество на квалитетни национални или меѓународни конференции со свои трудови, со улога на коментатор, своја панел презентација или организирање панел.
    - Дисеминација на резултати од истражувања на јавното мислење.
    - Пишување брифови за политики.

*Интернет публикациите се еквивалентни на печатените публикации

ИЗБОР ВО ПОВИСОКО НАУЧНО ЗВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧИТЕ ОД ИНСТИТУТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ

**Член 9**

Изборот во повисоко научно звање се врши на основа на постигнувањата во дејностите:
- Научно-истражувачка (во понатамошниот текст: НИ) и наставно-научна (во понатамошниот текст: НН);
- Стручно-апликативна (во понатамошниот текст: СА) и организациско-развојна (во понатамошниот текст: ОР)

Активностите во рамките на наведените дејности се вреднуваат според Образецот за одредување на вкупната актива на поени за избор во одредено звање, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 10**

Во звање научен соработник може да биде избрано лице кое има:

- научен степен доктор на науки од научната област за која се избира;
- објавени повеќе трудови во научни списанија и во други публикации кои се од значење за развојот на науката кои го потврдуваат владеењето на проблематиката на која се избира, од кои најмалку три во научни списанија или приредени книги, од кои еден е опфатен и со „импакт фактор“ според Томсон базата на списанија (во понатамошниот текст: ИФ/еквивалент) или негов еквивалент во поглед на меѓународното научно влијание според стручната проценка на назначената комисија за избор, и
- има остварено минимум 75 поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето за научно-истражувачката, наставно-научната, стручно-апликативната и

организациско-развојната дејност (организирање и/или учество на академски настани и неформално, напредно образование од редот на доживотно учење наменето за научни и универзитетски кадри).

**Член 11**

Во звање виш научен соработник може да биде избрано лице кое има:

- звање научен соработник од научната област за која се избира;
- помеѓу двата избора, објавени повеќе научни трудови од значење за развојот на науката и струката во соодветната област, од кои поголемиот број се самостојни (изворни научни трудови) и со кои тоа се афирмира во соодветната научна област во земјата, од кои најмалку шест во научни списанија или приредени книги, од кои најмалку два труда со „импакт фактор" според Томсон базата на списанија или негов еквивалент во поглед на меѓународното научно влијание според стручната проценка на назначената комисија за избор;
- учество во научно-истражувачки проекти, при што барем во 1 проект во својство на раководител на проектот;
- има остварено минимум 75 поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето и тоа: 50 поени за научно-истражувачка дејност и/или наставна дејност и 25 поени за СА + организациско развојна ОР.

**Член 12**

Во звање научен советник може да биде избрано лице кое има:

- звање виш научен соработник од научната област за која се избира;
- објавени поголем број научни трудови со кои се врши значајно влијание врз развојот на научната мисла и усовршување на практиката во соодветната област за кои лицето добило научно, односно општествено признание за придонес во научната област во која се избира и се објавени во афирмирани списанија, како и реферати и соопштенија на меѓународни собори и учебници и монографски изданија со кои може да се оцени афирмираноста на лицето во соодветната научна и стручна област, од кои најмалку девет во научни списанија или приредени книги, од кои најмалку три објавени во списанија со „импакт фактор" според Томсон базата на списанија или негов еквивалент во поглед на меѓународното научно влијание според стручната проценка на назначената комисија за избор;
- голем придонес во усовршување на научен подмладок;
- има остварено минимум 100 поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето и тоа: 65 поени за НИ + НН и 35 поени за СА + ОР.

**Член 13**

Институтот на предлог на научно-наставниот совет може да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран. Вкупниот број на професор емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот

број на наставници на Институтот. Професор емеритус може да учествува во изведувањето на настава на трет циклус на студии, во областа во која е избран, доколку постои акредитација на студиска програма од трет циклус, или да биде вклучен во наставата од втор циклус за акредитираните птроограми.

**Член 14**

Резултатите на лицата кои конкурираат за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања се оценуваат во следниве области:

- научноистражувачка дејност (НИ);
- наставно-научна дејност (НН);
- стручно-апликативна (СА) и
- организациско-развојна дејност (ОР)

За секоја активност од овие области се добива соодветен број поени.

**Проф. д-р Катерина Колозова**

**Извршна директорка на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

**АНЕКС**

**НАЦРТ-ОБРАЗЕЦ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНАТА АКТИВА НА ПОЕНИ ЗА ИЗБОР ВО ОДРЕДЕНО ЗВАЊЕ**

За избор во звање кандидатот мора да има бодови и од учество во научно-истражувачки проекти од област на студии на политики и применети истражувања, учество во анализа, градење на политики и изготвување законски, подзаконски акти и други акти на јавни политики, но и од останатите академски постигнувања и стручни публикации.

**Научно-истражувачка и наставно-научна дејност**

| Реден број | | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 12 | 16 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Дел од монографија или научна книга[2] | 6 | 8 |
| 3 | Оригинална статија објавена во стручно списание (ИФ/еквивалент/меѓународно регионално издание/национално издание) | 15/10/6 | |
| 4 | Рецензија објавена во научно списание (ИФ/еквивалент/меѓународно регионално издание/локално издание) | 10/7/4 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови произлезени од меѓународен научен/стручен собир | 6 | |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од национален научен /стручен собир | 3 | / |
| 7 | Пленарно предавање на научен/стручен собир | 3 | 5 |
| 8 | Секциско предавање на научен/стручен собир | 2 | 3 |
| 9 | Одржано предавање по покана на научна/ стручна/високообразовна институција | 4 | 6 |
| 10 | Учество на научен/стручен собир со реферат | 2 | 3 |
| 11 | Претседател на организационен одбор на научен собир/конференција | 2 | 4 |
| 12 | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 1 | 2 |
| 13 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание или стручна едиција[3] | 3 | 6 |
| 14 | Уредник на зборник на трудови произлезени од научен собир | 3 | 6 |
| 15 | Ментор на одбранета докторска теза | 3 | 5 |
| 16 | Ментор на одбранета магистерска работа | 2 | 3 |
| 17 | Член на комисија за одбрана на докторат[4] | 2 | 3 |
| 18 | Член на комисија за одбрана на магистратура | 1 | 2 |
| 19 | Изготвување и пријавување на проект[5]<br>- од пошироко меѓународно значење во рамките на ЕУ програмите (Еразмус, ИПА и останати европски проекти)<br>- од меѓународно значење<br>- регионално значење<br>- од локално значење | 8<br>5<br>3<br>1 | |

[2] Делот од монографија претставува заокружена целина (пр. глава во научна книга).
[3] Бодувањето се однесува на еден мандат.
[4] Бодувањето се однесува за учество во комисии на одбранети докторски и магистерски трудови.
[5] Во однос на проектните активности, бодувањето се однесува исклучиво на одобрени проекти.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Раководител на проект<br>- од пошироко меѓународно значење во рамките ЕУ програмите (Еразмус, ИПА и останати европски проекти)<br>- од меѓународно значење<br>- од регионално значење<br>- од локално значење | 12<br>8<br>6<br>4 | |
| 21 | Координатор на проект<br>- од пошироко меѓународно значење во рамките ЕУ програмите (Еразмус, ИПА и останати европски проекти)<br>- од меѓународно значење<br>- регионално значење<br>- од локално значење | 7<br>5<br>3<br>2 | |
| 22 | Асистент на проект<br>- од пошироко меѓународно значење во рамките ЕУ програмите (Еразмус, ИПА и останати европски проекти)<br>- од регионално значење<br>- од локално значење | 4<br>2<br>1 | |
| 23 | Организација на летна школа<br>- Директор<br>- Академски координатор<br>- Одржано предавање<br>- Презентација на paper | 5<br>3<br>2<br>1 | |
| 24 | Организација на семинар/обуки<br>- Раководител<br>- Координатор<br>- Предавач | 2<br>1<br>1 | 4<br>2<br>2 |
| 25 | Организација на работилници<br>- Раководител<br>- Координатор | 1<br>0.5 | |
| 26 | Студиски престој во странство<br>- на меѓународно ниво<br>- на регионално ниво | 3<br>1 | |
| 27 | Изготвување на читанка за настава на постдипломски/докторски студии | 2 | |
| 28 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 6 | |
| 29 | Одржување на настава од втор и трет циклус на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | студии[6]<br>- Задолжителен предмет<br>- Изборен предмет | 2<br>1 | |
| 30 | Визитинг професор[7] | 2 | 6 |
| 31 | Рецензент на научен/стручен труд | 1 | 2 |
| 32 | Член на комисија за избор во звање | 0.5 | |
| 33 | Награди/признанија за научни /образовни постигнувања | 5 | 10 |

## Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност

| Реден број | | Поени | |
|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување студија на применети политики со препораки (Policy paper) | 4 | |
| 2 | Раководител на тим и уредник за изготвување на политички анализи (Policy paper) | 6 | |
| 3 | Раководител на тим за учество во изготвување на законски и подзаконски акти и други документи на јавни политики | 6 | |
| 4 | Постар истражувач во тим за учество во изготвување на законски и подзаконски акти и други документи на јавни политики | 4 | |
| 5 | Асистент во тим за учество во изготвување на законски и подзаконски акти и други документи на јавни политики | 2 | |
| 6 | Стручен речник | 3 | 5 |
| 7 | Превод на научно дело | 4 | |
| 8 | Експертски активности: ревизија, евалуација, консултантски услуги и сл.8 | 4 | |
| 9 | Директор на меѓународна летна школа/национална летна школа | 8/4 | |
| 10 | Асистент-координатор на меѓународна летна школа | 4/2 | |
| 11 | Предавач на меѓународна летна школа/национална летна школа | 3/1,5 | |
| 12 | Раководител на програма за последипломски или докторски студии | 5 | |

---

6 Бодувањето се однесува на годишно ниво.
7 Бодувањето се однесува на еден семестар.
8 Овој сегмент од активностите ќе се бодува по претходно верификување од страна на Извршниот директор на Институтот.

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Изработка на усвоена нова наставна програма | **5** |
| 14 | Академски координатор на студиска програма за последипломски или докторски студии | **3** |
| 15 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) | **2** |
| 16 | Учество во комисии и тела на државни и други органи | **1** |
| 17 | Учество во промотивни активности на Институтот | **2** |